Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
*http://www.sei.gov.mk/*

Записник бр. ИП1-08-216
Датум 23.01.2023год.

Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул.„3-та Македонска бригада“ бр. 1 -10а |
| Адреса за е-пошта | jpvodostopanstvo@yahoo.com/ vsarhiva@yahoo.com |
| Телефон | 02/5123355 |
| Матичен број на субјектот | 7080336 |
| Даночен број на субјектот | 4080015555228 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 320100025450279 |
| Банка депонент | Централна Кооперативна Банка АД Скопје |

Одговорно/и лице/а на субјектот: со работно место извршен член на одбор на директори

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Локман Љимани | | llokman@vodostopanstvo.mk |
| | | |

1) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | Контролен | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 23.01.2023 | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор (дд.мм.гггг) | 23.01.2023 | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | 15.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија во државна сопственост Скопје | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 01.61 помошни дејности за одгледување на посеви | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул.„3-та Македонска бригада“ бр. 1 -10а | | |

2) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец јануари, 2023 година;
2. ~~налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр. ... од ....година;~~
3. ~~налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. _______ од _______ година;~~
4. решение за извршен инспекциски надзор бр. ИП1-08-216 од 19.05.2022 година.

3) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

-Лидија Зафировска- главен водостопански инспектор

Записник бр. ИП1-08-216
Датум 23.01.2023год.

4) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис): контролен инспекциски надзор, според член 230 став 1став 2 став 3, член 124,126,142,215 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и 151/2022);

5) Согласно утврдена фактичка состојба

1. ~~Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):~~

2. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник,

6) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Коста Малзарков со овластување бр. 03-398 од 18.02.2022 | | kosta_malzarkov@yahoo.com |

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| Име и презиме | Својство |
|---|---|

8) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзор. Субјектот на надзор е запознаен со права и обврски и цел на инспекциски надзор. Согласно Закон за инспекциски надзор објавен во Службен весник број: 102/2019 во член 62 Права и обврски на субјектот на инспекциски надзорот при вршење на инспекциски надзор , член 63 Обврска на субјектот на инспекциски надзор и член 64 Цел на инспекциски надзор.

9) Во инспекцискиот надзор на ден 23 јануари 2023 год се изврши инспекциски надзор согласно член 124,126,142 и 215 од Закон за води за постапување по дозволи за уредување на речни корита при што се констатира следното: Согласно електронски доставен табеларен преглед од 31.12.2022год. и 23.01.2023год се достави податоци за поединечно уредување со геодетски елаборат и неплатени надоместоци за активните дозволи. Во писмена форма за постапување по издадени дозволи за уредување на речни корита како носител на дозволите АД водостопанство нема доставено геодетски елаборати за поедини завршени дозволи за кои исто така и не е исполнета предвидената динамика за работење која е впишана во задолжението од дозволите.

АД Водостопанство нема одобрени оперативни планови од надлежни институции за заштита од поплави за да ги нотира критичните места на излевање на реките за потоа да работи проектна документација за поднесување на дозволи за уредување на речни корита. АД водостопанство наместо оперативен план за заштита од поплави има програма за работа по која одлучува каде да се изработи проектна документација за наредни дозволи а истата која ја доставило до МЖСПП До крајот на 2022 год да изработи оперативен план согласно склучена спогодба со ДИЖС бр. 20-2670/4, бр.20-1757 од 19.07.2021год. Проектната документација е изработувана со изведувач проектант по јавен оглас а во моментот тоа е фирмата ГЕО ИНГ ДОО Делчево.

Според дозволи кои во моментот се активни АД Водостопанство има склучено договори со фирми кои добиваат преку контролорите назначени од носителот на дозволата потпишани испратници за извадена во моментот количина на речен матерјал која се пушта во промет а потоа се фактурира со вклучен надоместок согласно член 215 од Закон за води. Во испратниците кои се доставени од овластените лица присутни на записник се констатира дека самите испратници издадени од надлежно министерство

Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
*http://www.sei.gov.mk/*

Записник бр. ИП1-08-216
Датум 23.01.2023год.

не се согласно правилникот излезен во Службен весник бр.109 од 21.06.2014год.(стр 23,24,25,26) нема оргинален печат од министерството, на испратниците е оштампан печат на сите испратници во соодветна боја на испратницата. На испратницата не е внесен испечатен бројот на дозволата па се остава можност испратниците да се користат и пренаменат за други дозволи што остава сомнеж за неправилно работење спротивно на позитивни законски прописи. На поедини завршени дозволи се доставува до надлежно министерство геодетски елаборат за завршени работи без да се анализира процент на завршена успешна работа по проектна документација каде се предвидени ископ насип и пуштање во промет речен матерјал, но се доствува примерок од кочаните кои се дадени за продажба во пуштање во промет на вишок речен матерјал.

Согласно склучени спогодби АД Водостопанство има отпочнато со плаќање само на долгот кој е внесен во спогодба бр.20-5453/2 од 30.12.2020год кои редовно се плаќаат кон трезорска сметка но не се плаќаат на месечно ниво надоместоците кои се наплатени во фактури кои се испорачуваат кон правни лица за активните дозволи после склучената спогодба.

За секоја дозвола потребно е да се земат од надлежно министерство согласно правилник испратници по број вкупно колку што е предвидена количина во проектот кој е основ да се добие дозвола.

При увид се достави
- Известување за надоместоци бр. 05-132 од 18.01.2023год.
- достава на табеларен преглед за дозволи бр. 03-142 од 23.01.2023год.

10) врз основа на горенаведено (да се заокружи само едно):

1. ~~не се утрдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;~~

2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки: Да се достави извествање во рок од десет дена за постапување согласно законски издадените дозволи за уредување на речни корита член 142 , пропишаниот надоместок согласно член 215 од Закон за води да се побараат испратици согласно количина предвидена во проект согласно издадена дозвола.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот по електронски пат , кој ~~имаше~~/немаше забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| овластено лице:<br><br>Коста Малзарков со овластување бр. 03-398 од 18.02.2022год. | | Печат и потпис на инспекторот:<br><br>Лидија Зафировска | |
| Датум: 23.01.2023год. | | Датум:23.01.2023год. | |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.